**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ"**

Јавно претпријатие Колекторски систем
Бр. 01-4/2
03.06 2019 год.
СКОПЈЕ

# С Т А Т У Т
## НА ЈП "КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ"

**Јуни 2019 год.**

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија(*,,Службен весник на Република Македонија,, бр.38/96,09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 ,61/15, 39/16, 64/18 и 35/19)* Управниот одбор на ЈП „Колекторски систем" на седницата одржана на ден 03.06.2019 година, донесе

## *СТАТУТ*
## *НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ"*

### *ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

**Член 1**

Со статутот на Јавното претпријатие „Колекторски систем" поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на јавното претпријатие.

**Член 2**

Влада на Република Северна Македонија е основач и сопственик на јавно претпријатие и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за јавните претпријатија.

**Член 3**

Јавното претпријатие „Колекторски систем" (во натамошниот текст претпријатието) се основа заради вршење на дејност од јавен интерес - комунални дејности од областа на заштита на животната средина, односно собирање, одведување и прочистување на отпадни води преку канализациони системи со пречистителни станици (колекторски системи) и нивно испуштање во реципиент за заштита на Охридското Езеро.

**Член 4**

Јавното претпријатие „Колекторски систем", е основано врз основа на Одлука за основање на Јавно претпријатие Колекторски Систем *(,,Службен Весник на Република Македонија,, бр.242/18)*

**Член 5**

При вработувањето во претпријатието, задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

***ФИРМА И СЕДИШТЕ***

**Член 6**

Фирмата на претпријатието гласи:
Јавно претпријатие „Колекторски систем“ /
NdërmarjaPublikeSistemiKolektorit /
Public Enterprise Sewerage systems.

Скратениот назив на фирмата гласи:
J.П. „Колекторскисистем“ /
N.P. ,,SistemiKolektoritShkup,, /

Називот на фирмата кој ќе се користи во надворешно-трговскиот промет гласи:
P.E. Sewerage systems Skopje.

**Член 7**

Седиштето на претпријатието е во Скопје, на ул. „Пушкарска“ број 33 локал 11.

За промена на фирмата и седиштето на Претпријатието одлучува Управниот одбор на Претпријатието зашто дава согласност основачот.

***ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ***

**Член 8**

Во своето работење Претпријатието употребува печат, штембил и заштитен знак.

Формата на печатот, штембилот и заштитниот знак се утврдува со посебен акт на Управниот одбор.

***ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО***

**Член 9**

Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа назаштита на животната средина, односно собирање, одведување и прочистување на отпадни води преку канализациони системи со пречистителни станици (колекторски системи) и нивно испуштање во реципиент за заштита на Охридското Езеро.

Шифра на приоритетна дејност на Јавното претпријатие колекторски систем е:
-37.00 - Отстранување на отпадни води;

Покрај приоритетната дејност Јавното претпријатие колекторски систем ќе ги врши сите дејности утврдени со Националната класификација на дејности.

Заради остварување на својата дејност, Претпријатиети ги врши следните активности:
1)Управување со колекторски систем на Охридското Езеро ;
2)Одржување и развој на колекторски систем на Охридското Езеро;
3)Постојано следење и контрола на состојбите на колекторски систем на Охридското Езеро на Охридското Езеро ;
4)Преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за колекторски систем на Охридското Езеро ;
5)Вршење на инвеститорски работи од областа на колекторски систем на Охридското Езеро;
6)Наплата на надоместоците (волуметриски надоместок; паушал на живи води) за користење на колекторскиот систем на Охридското Езеро ;
7)Задолжувања кај домашни и странски финансиски институции, согласно Закон;
8)Организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, рехабилитацијата, одржување, заштита и наплата на надоместоци за користење ( волуметриски надоместок ; паушал на живи води) со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со закон;
9)Давање на вршење на работите за изградба реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита и наплата на надоместоци ( волуметриски надоместок ; паушал на живи води) за користење на колекторскиот систем на правни лица во согласност со закон;
10)Предлага одлука за започнување на постапка за давање на концесија и/или јавно приватно партнерство;
11)Издава одобренијаи дава мислења;
12)Организирање на активности поврзани со вршење на броење на корисници, заштита на колекторски систем, и формирање на неопходни бази на податоци врз основа на броење и преземени податоци од постоечки претпријатија и
13) други работи согласно Законот за комунални дејности и Законот за животната средина.

**Член 10**

Во правниот промет и во односите со трети лица, Претпријатието истапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во Трговскиот регистар при Централен регистар на Република Северна Македонија.

За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатијето одговара со целиот имот.

**Член 11**

Претпријатието дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласнист со

Законот за јавните претпријатија, овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.

Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финанските односи во своето материјално-финансиско работење, согласно Законот за јавните претпријатија, овој Статут и меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

## *ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ*

**Член 12**

Во рамките на своите овластувања, Претпријатието го застапува и претставува Директор.

Директорот има свој заменик кој го заменува и води тековното работење на претпријатието во негово отсуство.

## *ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 13**

Претпријатието, во вршењето на дејноста од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.

Дејноста на Претпријатието се организира во рамките наорганизациони единици кои што поблиску се уредуваат со акт на Управниот одбор за внатрешната организација и систематизација на работите кои што се извршуваат во Јавното Претпријатие.

## *ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 14**

Органи на претпријатието се

-Управен одбор,
-Директор и
-Надзорниот одбор за контрола на материјално– финансиското работење.

## *УПРАВЕН ОДБОР*

**Член 15**

Орган на управувањето на Претпријатието е Управен одбор.

Управниот одбор го именуваи разрешуваосновачот на претпријатието.

**Член 16**

Управниот одбор е составен од 5(пет) членови

Членовите на конститутивната седница бираат претседател на управниот одбор.

Мандатот на претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 17**

Претседателот на Управниот одбор:
-го претставува управниот одбор
-ги свикува и води седниците на управниот одбор,
-предлага дневен ред за седниците на управниот одбор,
-се грижи за организацијата на работата на Управниот одбор,
-должен е да ги потпише одлуките и актите на управниот одбор во рок од 3 (три) дена од нивното донесување ,
-врши други работи утврдени со Закон, овој статут и Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 18**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на управниот одбор седница свикува најстариот член на управниот одбор кој го предлага и дневниот ред на седницата.

Седницата на Управниот одбор може да се свика и на барање на Директорот, како и на барање на најмалку 3 (тројца) од членовите на Управниот одбор, во рок од 5 дена од поднесувањето на барањето.

Доколку престедателот на Управниот одбор не ја закаже седницата по барањето на Директорот односно членовите на Управниот одбор, седницата може да ја свика подносителите на барањето, да го предложат дневниот ред на седницта, а со седницата да раководи претседавач што ќе го избере Управниот одбор за таа седница.

**Член 19**

Управниот одбор на Претпријатието:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика и донесува годишна инвестициона програма;
4. Донесува финансиски план на претпријатието
5. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
6. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
7. Ги донесува одлуките за инвестиции;
8. Ги утврдува цените на производите и услугите;
9. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
10. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;

11. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие и
12. Го избира и разрешува директорот и заменик директорот на јавното претпријатие, врз основа на јавен конкурс.
13.Го донесува деловникот за работа на Управниот одбор;

14. Одлучува во втор степен по приговори на одлуки донесени во прв степен
15.Формира комисии;
16. Склучува колективни договори;
17. Одлучува за службени патувања на Директорот на претпријатието во странство;
18.Донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната средина и
19.Врши и други работи утврдени со Законот за јавните претпријатија, овој Статут и општите акти на Претпријатието;

**Член 20**

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седница присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Секој член на Управниот одбор има еден глас.

Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 21**

Управниот одбор во донесувањето на одлуките со кои се нанесува штета на претпријатието одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со донесувањето на таквите одлуки.

Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваа на органите на управување.

## ДИРЕКТОР

**Член 22**

Орган на раководење на претпријатието е Директорот.

Директорот и заменик директорот на Претпријатието го именува односно разрешува Управниот одбор врз основа на јавен конкурс, под услови и постапка согласно Законот за јавните претпријатија.

Мандатот на Директорот и заменик директорот трае 4 (четири) години.

**Член 23**

Директорот на претпријатието во рамките на своите права и должности.

1.Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор

2.Ја предлага и учествува во спроведувањето на основите на деловната политика, Програмата за работа и развој на Претпријатието;

3.Донесува акти и дава налози и упатства за извршување на работите од неговиот делокруг, за спроведување на основите на Програмата за работа и развој и дава предлози за изменување и дополнување на истата;

4.Предлага донесување акт за систематизација на Претпријатието;

5.Предлага донесување правилникот за плати на Претпријатието

6.Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и распоредување на средства и управување со средствата остварени со работење на Претпријатието;

7.Врши усогласување на деловната активност на Претпријатието;

8.Го застапува и претставува Претпријатието, склучува договори и превзема други правни работи во согласност со Закон;

9.Издава полномошна за застапување на претпријатието;

10.Издава налози, упатства и наредби со кои се обезбедува работењето на претпријатието;

11.Ја предлага внатрешната организација на Претпријатието;

12.Ги именува и разрешува раководните работници во Претпријатието;

13.Предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор;

14.Поднесува тримесечен, шестмесечен извештај и годишна пресметка и извештај за работењето до Управниот одбор на претпријатието;

15.Поднесува годишна пресметка и извештај за работењето на јавното претпријатие на Владата на Република Северна Македонија;

16.Го прати и анализира извршувањето на плановите и договорните обврски и презема мерки за нивно остварување;

17.Донесува одлука за работното време на работниците и одмор во текот на работата;

18.Донесува Правила за работен ред и дисциплина;

19.Донесува одлука за потреба за засновање на работен однос, распоредување и престанок на работниот однос во согласност со Закон;

20.Обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина;

21.Се грижи за информирање на работниците и

22.Врши и други работи во согласнос со Законот за јавните претпријатија, овој Статут и другите акти на претпријатието;

**Член 24**

Директорот на претпријатието склучува договор со Управниот одбор за уредување на односите со претпријатието , во кој поединачно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно законот за јавните претпријатија.

Директорот е одговорен за резултатите од своето работење пред Управниот одбор.

Директорот во извршувањето на одлуките со кои се нанесува штета на претпријатието одговара неограничено за штетата настаната со извршување на таквите одлуки;

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 25**

Директорот на Претпријатието може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран:

- на негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив,
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие,
- ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од Законот за јавните претпријатија,
- ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од Закон за јавните претпријаија не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од Законот за јавните претпријатијане ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Управниот одбор, во случаите од ставот 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До изборот на нов директор, управниот одбор, ќе именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие освен во случај претпријатието да има заменик директор на кој не му е истечен мандатот и кој до именување на директор по распишан конкурс ја врши должноста директор но не подолго од шест месеци.

## *НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ*

**Член 26**

Орган за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Претпријатието е Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење ( во понатамошниот текст: Надзорен одбор)

Надзорниот одбор го именува односно разрешува Владата на Република Северна Македонија, со Решение за именување односно разрешување на членови на Надзорниот одбор.

**Член 27**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење има 5 (пет) члена.

За член на Надзорниот одбор можедабиде именувано лице кое ги исполнува условите согласно Законот за јавните претпријатија.

Членовите на конститутивната седница бираат претседател на надзорен одбор.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 28**

Надзорниот одбор својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени во Законот за јавните претпријатија и Статутот.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку 4 пати годишно.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

**Член 29**

Членовите на Надзорниот одбор во вршењето на своите надлежности со кои се нанесува штета на претпријатието одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со извршување на таквите одлуки.

Одговорноста на членовите на Надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

## ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

**Член 30**

За успешно функционирање и подобрување на работата на Претпријатието, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во Претпријатието, Управниот Одбор може да формира постојани или повремени комисии составени од членови на упрвниот одбор, вработените во јавното претпријатие, како и други лица. Комисиите одлучуваат за прашања кои се во нивна надлежност согласно актите на претпријатието и актите за нивно формирање. Комисиите не можат да одлучуваат за прашања кои се во надлежност на Управниот Одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски

Комисиите имаат претседател, членови и заменииици.Вкупниот број на членовите на комисијата треба да е секогаш непарен,
Комисиите секогаш работат во полн состав или со присуство на мнозинството од вкупниот број на леновите на Комисијата, што се опредлеува во актите со кои се формира комисијата.

Составот и начинот на работењето на комисиите поблиску се уредуваат со акт на Претпријатието.

## *ОПШТИ АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

**Член 31**

Општи акти на Претпријатието се:

1. Статут на Претпријатието;
2. Правилник за организација на Претпријатието;
3. Правилник за систематизација на Претпријатието;
4. Колективен договор на Претпријатието;
5. Правилаза работен ред и дисциплина;
6. Правилник за плати;
7. Правилник за заштита при работа и користење на лични заштитини средства
8. Други акти во согласност со Закон.

Во претпријатието директорот односно Упрвниот одбор може да донесат и други општи акти согласно Законот и овој Статут.
Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и овој Статут.

**Член 32**

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти се покренува со иницијатива на Директорот и Управниот одбор.

**Член 33**

По прифатена иницијатива, стручната служба во рок од 30 дена го подготвува работниот текст на општиот акт.

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и со овој Статут.

Општите акти се објавуваат на огласна табла и влегуваат во сила со денот на објавување, а доколку е потребна согласност одосновачот, општиот акт ќе се применува по добивањето на согласност.

## *РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО*

1. **Имот и средства на Претпријатието.**

**Член 34**

Имотот на претпријатието го сочинуваат сите објекти, средства, пари и права.

Претпријатието работи со онолку трансакциски сметки колку што му се потребни за остварување на своите функции.

**Член 35**

Средствата за работа на Претпријатието се обезбедуваат од:

-Приходи кои ги остварува Претпријатието;

-Средствата обезбедени од Буџетотна Република Северна Македонија;

-Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон, и други акти на основачот.

**Член 36**

Претпријатието има обврска да доставува тромесечни, шестмесечни и годишни извештаи до основачот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Извештаите од став 1, Претпријатието ги објавува на својата веб страна.

## *ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

**Член 37**

Претпријатието го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услуги.

Актите што се од значење за корисниците на услугите на Претпријатието се објавуваат во Службен весник и веб страната на претпријатието.

Претпријатието е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин.

**Член 38**

Претпријатието е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира работниците за сите прашања кои се важни за работата и развојот на Претпријатието, како и за остварувањето на нивните права.

Работниците во Претпријатието се информираат преку огласни табли и други форми на информирање.

## *ДЕЛОВНА ТАЈНА*

**Член 39**

За деловна тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловна тајна и што како доверливи, Претпријатието ги соопштило на надлежниот орган.

Податоците што се сметаат за деловна тајна можат да се соопштат на трети лица, само врз основа на одлука на Управниот одбор на Претпријатието.

Не се смета за повреда на деловна тајна, ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи, организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управниот одбор, ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 40**

Податоците што преставуваат деловна тајна се чуваат одвоено од останатата документација на Претпријатието.

Користењето на податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користи од овластени лица само во просториите на Претпријатието.

Одавањето на деловна тајна претставува тешка повреда на работните обврските.

***ЗАВРШНА ОДРЕДБА***

**Член 41**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Претпријатието, а ќе се објави по претходно добиена согласнот од Владата на Република Северна Македонија.

**Претседател на Управен одбор на**
**ЈП „КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ“**

Јавно претпријатие Колекторски систем
Скопје